Име и презиме на ученикот ________________________ дата ________________

❖ Прочитај ја басната ,а потоа одговори на прашањата

**ЛИСИЦАТА И ШТРКОТ**

Лисицата и штркот си живееле навидум пријателски .

Еден ден лисицата го поканила штркот на вечера. Арно ама, за вечера немало ништо друго освен чорба, послужена во широка и плитка чинија .

Лисицата ја предводела гозбата правејќи се важна, за да му даде пример на својот пријател, штркот,па почнала да лиже од чинијата. Таа лесно можела да јаде од ваква чинија, но штркот, кој имал долг клун, можел само да го брцне врвот во чинијата, да се насладува од примамливиот мирис, но не можел да јаде. Штркот ја пофалил вечерата и набргу си заминал, но претходно ја поканил својата пријателка, лисицата ,да дојде кај него на вечера.

По неколку денови ,еве го и штркот подготвил вечера за лисицата. На масата изнесол мелено месо, ама тоа било принесено во стаклен сад со тесно и длабоко грло. Така штркот, бидејќи има долг клун, убаво се најал, а лисицата никако не можела да стигне до месото. Можела само да го лижнува врвот од високиот сад.

Кума Лиса била вознемирена поради ова, но сфатила дека штркот само и вратил мило за драго.

- Каква намера имала лисицата кога го поканила штркот на вечера?

______________________________________________________________________

________________________________________________________________

- Што мислиш, како се чуствувал штркот по вечерата кај лисицата?

______________________________________________________________________

________________________________________________________________

- Зошто штркот ја поканил лисицата по неколку денови кај него на вечера?

______________________________________________________________________

________________________________________________________________

- Дали се согласуваш со постапката на штркот?
- Како би постапил ти да си на негово место?

______________________________________________________________________

________________________________________________________________

resursi.literatura.mk